РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-1711/5
17.10. 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

До
**Агенцијата за заштита на правото на**
**слободен пристап до информациите од јавен карактер**
**Адреса:** бул. "Гоце Делчев" бр.18
Скопје (зграда на МРТВ – 14 кат)

Предмет: Одговор на барање за произнесување слободен пристап до информации, со наш број 03-1711/4 од 12.10.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви доставуваме одговор на барање за произнесување слободен пристап до информации, со наш број 03-1711/4 од 12.10.2022 година.

Со овој допис ви испраќаме одговор по однос на жалба, односно произнесување по однос на жалба, како и тест за штетност, документ кој го направивме сега, а претходно се повикавме само на членот 6 став 1 точка 2 од Законот за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Биро за развој на образованието**

(Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер – Ирена Борисовска)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-1711/6
17.10.2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ТЕСТ ЗА ШТЕТНОСТ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 1711/1 од 19.9.2022 година од барател[redacted] Скопје, вработена во [redacted]оиено согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „Службен весник на РСМ“ бр.101 од 22.5.2019 година односно како исклучок кога имателите можат да одбијат барање за пристап до информации од јавен карактер.

Имено, барањето се однесува на доставување или увид во податоци кои се личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.

Врз основа на направениот тест за штетност со кој се покажа дека доставувањето на бараните податоци може да предизвика значителни штетни последици по:

- работењето на Бирото за развој на образованието, односно можните последици од предвидената понатамошна обработка на личните податоци за субјектите на лични податоци,
- физичкото лице чии податоци се предмет на барањето, со што ќе бидат нарушени неговите права, врз основа на Законот за заштита на личните податоци и тоа лице може да покрене судска постапка;
- трети лица кои согласно Законот би можеле да бидат вклучени во ваквата постапка.

Со оглед на погоре наведеното потврдуваме дека барањето е неосновано и дека не можеме да ги дадеме бараните информации.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Барателот
- Архивата

Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Ирена Борисовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03 - 1711/7
17.10. 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Архивски знак. –
Рок на чување. –
– 20 – год.
Потпис,

До

**Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Предмет:** Одговор на жалба

На 10.10.2022 година до Бирото за развој на образованието од страна на Агенцијата за заштита на правото за пристап до информации од јавен карактер по електронски пат доставена е Жалба бр. 08-260 од 10.10.2022 година од [redacted]а од Скопје, против решение број 03-1711/2 од 7.10.2022 година со кое се одбива барањето за пристап на информации од јавен карактер бр. 1711/1 од 19.09.2022 година од имателот на информации Биро за развој на образованието.

Имено, на ден 19.9.2022 година до Бирото за развој на образованието, беше доставено барање од [redacted] по граѓанско образование [redacted] со барање за пристап до информации [redacted] за оценка за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник-ментор и пристап до Збирката докази со кои [redacted] ги докажува компетенциите за исполнување на професионалните стандарди за наставник-ментор.

Барањето беше разгледано од страна на овластеното лице и се констатира дека истото е неосновано според член 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101 од 22.5.2019 година), бараните информации претставуваат еден од исклучоците кога не може да се даде информација од јавен карактер односно претставуваат личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.

Имајќи предвид дека се работи за лични и професионални информации, коишто се достапни на оценувачите, а и фактот дека се работи за наставнички по различни наставни предмети, кои истовремено конкурирале за звање наставник-ментор, но не се и „противкандидати“, со цел заштита на професионалниот и личниот интегритетот на наставниците, Бирото за развој на образование не дозволи пристап до бараните информациии и истите би ги доставило на увид во евентуален спор и барање од надлежен орган во законски утврдена постапка.

Согласно надлежностите утврдени со Законот за основното образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, како и Правилникот за следење и вреднување на работата на наставниците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20), советниците од Бирото за развој на образованието вршат следење и вреднување на наставниците, во однос на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците.

Имено, по доставено барање од страна на Комисијата за проверка на исполнетоста на професионалните стандарди за звањето наставник-ментор, советниците од Бирото, вршат увид во исполнетоста на професионалните стандарди во делот на професионалната пракса на наставникот во наставните и вонаставните активности и тоа преку:

- Увид во збирката на докази, односно вршење увид во збирката на докази од професионалната пракса на наставникот и
- непосредно следење на организацијата и реализацијата на наставата, односно изведувањето на наставните и вонаставните активности, преку следење на реализација на час/активност.

Со цел активностите за следење и вреднување да се одвиваат непречено и безбедно увидот во збирката на докази, односно портфолиото за оценување на наставникот, советниците го вршат преку системот за управување со учење, кој е во сопственост на Бирото.

За таа цел секој наставник доказите за професионалната пракса ги прикачува на системот за управување со учење каде се креирани модули по наставни предмети за поставување документи од портфолиото за оценување.

Согласно пријавените кандидати направен е план и распоред за следење на кандидатите за наставници ментори од страна на соодветен советник и секој од нив ги оценува кандидатите по конкретниот предмет, согласно Прилог 1 од Правилникот за следење и вреднување на работата на наставниците[1]

При вреднување на доказите, се зема предвид и начинот на кој наставникот ги уредил доказите со кои го докажува квалитетот на сопствената професионална пракса. Добро подредените и организирани докази овозможуваат советникот да стекне целосен увид во она што наставникот сакал да го прикаже во насока на докажување на компетенциите за наставник - ментор. Доказите за професионалната пракса на наставникот може да бидат текстуални документи во различен формат, видео снимки, фотографии и сл. Во овој дел не се вреднуваат сертификати, потврди, пофалници, затоа што истите се дел од документацијата поврзана со професионалниот развој и тие веќе се вреднувани од Комисијата.

Големиот број на приложени докази не значи дека наставникот поседува компетенции за наставник – ментор. Неопходно е наставникот да има направено селекција/избор на докази преку кои се докажуваат повеќе негови компетенции и преку кои советникот ќе може да согледа дека наставникот умее да ги поврзува работите што ги работи.

---

[1]https://mon.gov.mk/content/?id=3630

Советници од Бирото имаат пристап до соодветниот наставен предмет и портфолијата на наставниците кои тие ги оценуваат. Советниците имаа можност да побараат дополнителни докази и објаснувања доколку проценат дека е потребно.

Во однос на непосредното следење на реализација на час/активност, секаде каде што е можно советникот увидот го вршеше од далечина. Во случај кога наставниците кои реализраат настава со физичко присуство и се изјасниле дека не можат да реализираат настава од далечина поради малата возраст на учениците, немањето искуство во следење на настава од далечина, немање компјутерска опрема, потреба од родителска помош и слично советникот имаше можност да се вклучи од далечина на час кој наставникот го реализира со физичко присуство.

Напоменуваме дека кандидатката се пријавила на јавниот повик од Министерството за образование и наука претходната година односно на првиот јавен повик за напредување во кариера.

Одбиените кандидати од првиот јавен повик имаа можност за поднесување на жалба по основ на објавените резултати до соодветната Комисија во Министерството за образование и наука, каде се прави рангирање на кандидатите врз основа на бодовите добиени од Комисијата, Бирото за развој на образованието и училиштето.

Со почит,

в.д. Заменик Директор

д-р Mirvan Xhemaili

**Прилог:**

- Правилникот за следење и вреднување на работата на наставниците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20)
- Прилог 1 од Правилникот за следење и вреднување на работата на наставниците
- Упатство за спроведување на правилникот за следење и вреднување на работата на наставниците бр. 02-211/3 од 22.03.2021 година

Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 25.10.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број: Numri | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 1711/8 | - | |

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 109 став 4 и 5 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), а врз основа на член 27 и член 34 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од Татјана Ѓеоргиевска од Скопје, поднесена против Решението на Бирото за развој на образованието бр.03-1711/2 од 07.10.2021 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 20.10.2022 година го донесе следното [redacted]

Архивски знак. ____________
Рок на чување. ____________
____________ 20 ___ год.
Потпис,

## РЕШЕНИЕ

1. Жалбата изјавена од [redacted] поднесена против Решението на Бирото за развој на образованието бр.03-1711/2 од 07.10.2021 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ ОДБИВА како неоснована**.

2. **Решението** на Имателот на информации бр.03-1711/2 од 07.10.2021 година **СЕ ПОТВРДУВА.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted] на 19.09.2022 година поднела Барање за пристап до информации од јавен карактер до Бирото за развој на образованието, заведено во Бирото под бр.03-1711/1, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое побарала по пошта или по телефон да и се достават фотокопии или електронски записи од следните информации:

„1.Оценка за исполнетост на професионалните стандарди за наставник-ментор на БРО од противкандидат [redacted] односно бодување по компетенции.

2.Збирка докази со кои противкандидатката [redacted] ги докажува компетенциите за исполнување на професионалните стандарди за наставник-ментор".

Постапувајќи по оваа Барање, Имателот на информации на 07.10.2022 година донел Решение бр.03-1711/2, со кое го одбива Барањето на [redacted] за пристап до бараните информации. При тоа во Образложението на Решението се повикува на исклучок од слободниот пристап до информации од јавен карактер, наведен во член 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно на „...личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци".

Незадоволен од наведеното Решение, Барателот на информацијата, на 10.10.2022 година поднесе Жалба до Агенцијата, заведена во архивата на Агенцијата под бр.08-260. Во Жалбата предлага Агенцијата да ја уважи истата и да му наложи на Имателот на информации да и ги достави бараните документи.

Агенција, преку е-маил заведен под бр.08-260 од 10.10.2022 година ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Постапувајќи по барањето од Агенцијата, Имателот на информации достави Одговор на жалба бр.03-1711/5 од 17.10.2022 година, заведено во архивата на Агенцијата под бр.08-260 на 18.10.2022 година. Во Одговорот на жалба Имателот на информации останува на наводите во оспореното решение и на три страници го образложува неговиот став, со детален осврт на начинот на избор на наставник-ментор, со укажување дека „Одбиените кандидати од првиот јавен повик имаа можност за поднесување на жалба по основ на објавените резултати до соодветната Комисија во Министерството

за образование и наука...", што во конкретниот случај не е сторено од страна на Барателот на информациите.

Во прилог на Одговорот на жалба е доставен и изготвениот Тест на штетност, со кој Имателот на информации утврдил дека „...доставувањето на бараните податоци може да предизвика значителни последици по: работењето на Бирото за развој на образованието, односно можните последици од предвидената натамошна обработка на личните податоци...физичкото лице чии податоци се предмет на барањето, со што ќе бидат нарушени неговите права врз основа на Законот за заштита на личните податоци...трети лица кои согласно Закон би можеле да бидат вклучени во ваквата постапка".

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата изјавена од Барателот на информацијата, истата **ја одби како неоснована, а Решението на Имателот на информации го потврди**, поради следното:

По разгледувањето на Жалбата и другите расположливи списи во врска со предметот, Агенцијата утврди дека Имателот на информации постапил по предметот со тоа што донел решение со образложение дека бараните информации не се информации од јавен карактер, односно спаѓаат во делот на исклучоците од слободниот пристап до информации.

Што се однесува за бараните документи кои се однесуваат на „противкандидатката", истите претставуваат заштитен личен податок, поради што Имателот на информации правилно го одбил пристапот согласно член 6 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, по спроведување на задолжителниот тест на штетност согласно член 3 алинеја 6 од истиот Закон.

Агенцијата му укажува на Барателот дека не е спорно дека е законита обработката на личните податоци на субјектите, но дека тие задолжително треба да се заштитени пред јавноста. Ваквите податоци мора да се обработуваат само за конкретни цели и со согласност на засегнатото лице, а истите да бидат заштитени согласно со закон.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-260
20.10 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Заменик директор/ Zëvendës drejtor**
**Blerim Iseni**

Доставено до:
- архива на Агенцијата
- жалителот/барател на информацијата
- имател на информацијата